**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 и 43/14) и член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10 и 26/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 71/14)**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12 и 50/13), во точката 6 потточка 22), зборовите: „Како **обезбедено побарување** се смета побарувањето во бруто-износ (без да се намали за износот на акумулираната амортизација, исправката на вредноста, односно посебната резерва, премијата или дисконтот и ефектите од промена на објективната вредност) коешто е обезбедено со инструменти за кредитна заштита од главата VI.2 од оваа одлука." се менуваат и гласат:

„Како **обезбедено побарување** се смета побарувањето коешто е обезбедено со инструменти за кредитна заштита од главата VI.2 од оваа одлука, без да се намали неговата сметководствена вредност за износот на акумулираната амортизација, исправката на вредноста, односно посебната резерва, премијата или дисконтот и ефектите од промена на објективната вредност."

2. Во точката 38 став 4 алинеја 2, точката се заменува со запирка и по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 којашто гласи:

„- преземени вонбилансни обврски врз основа на чинидбени гаранции, односно гаранции со кои не се гарантира исполнување одредена кредитна обврска од страна на должникот, како што се: гаранциите за добро извршување, гаранциите за враќање аванс, гаранциите за учество на тендер и сите други гаранции со кои се гарантира одредено извршување."

Во ставот 5, алинејата 2 се менува и гласи:

„- преземени вонбилансни обврски врз основа на царински гаранции, гаранциите за плаќање данок и други слични гаранции;"

3. Во точката 39, по ставот 1 се додава нов став 2којшто гласи:

„По исклучок на главата VI.1 од оваа одлука, банката може да примени пондер на ризичност од 0% на побарувањата од фондови коишто се основани (во целост) од една или повеќе централни влади, мултилатерални развојни банки или јавни институции со третман на централна влада на кои, согласно со оваа одлука, се применува пондер на ризичност од 0%, при што единствен

извор на финансирање на овие фондови се средствата уплатени од страна на овие институции во форма на удели (non leveraged).“

4. Во точката 58 став 2, по зборот: „утврден“ се додава зборот: „долгорочен“.

5. Во точката 101 потточка 2а), по зборовите: „третман на централна влада“ се додаваат зборовите: „и лицата од точка 39 став 2 од оваа одлука“.

6. Во точката 165 став 1, зборовите: „табелата бр. 8“ се заменуваат со зборовите: „табелата бр. 18“.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О. бр. 02-15/IV-1/2014**
**30 април 2014 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**